**АДКОМ-Здружение на даватели на комунални услуги**
**на Република Северна Македонија**
Булевар Јане Сандански Бр. 112 2/2, 1000 Скопје
Тел.:02/2461-971 WEB: www.adkom.org.mk E – mail: adkommk@gmail.com

**Прилог 1**

# Опис на работни задачи и одговорности за Консултант за изработка на Документ за политики:

## *Човечки капацитети за дигитална трансформација на комуналните претпријатија: Реалност и предизвик!*

**Проект:** „Дигитална трансформација на јавните водоводни услуги“

### 1. Општо за проектот

Проектот „Дигитална трансформација на јавните водоводни услуги“ има за цел да ги подобри капацитетите за имплементирање и употреба на дигитални алатки во секторот на јавни водоводни услуги во Република Северна Македонија.

Четири клучни проектни активности се во центарот на имплементација на овој проект:

1. Работен пакет 1: Дијалог помеѓу засегнати страни, застапување и лобирање
2. Работен пакет 2: Пилотирање на дигитални e-water услуги
3. Работен пакет 3: Развој на капацитети
4. Работен пакет 4: Поткревање на јавна свест и дисеминација

Со дефинирање на главните недостатоци и пречки, проследени со мерки за развој на капацитетите, ќе се постави база за понатамошно дисеминирање на резултатите од проектот на локално и регионално ниво.

### 2. Контекст

АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги е клучна асоцијација во комуналниот сектор, која дава поддршка на своите членки (Јавните комунални претпријатија) да ги подобрат своите услуги за работа.

Како битен чинител во комуналната сфера, АДКОМ постојано пружа поддршка кон членките за нивно подобрување на квалитетот на понудените услуги кон граѓаните.

Со цел да ги реализира целите кои произлегуваат од изработениот Документ на политики кој ги претставува позициите на АДКОМ за подобрување на рамките на услови кои ќе ја поддржат дигитализацијата во секторот на водни услуги, потребно е во рамки на Проектот да се изработи Документ за политики со наслов: *Човечки капацитети за дигитална трансформација на комуналните претпријатија: Реалност и предизвик!*

**3. Активности и задачи на консултантот**

- Преглед на моменталните човечки капацитети за дигитална трансформација кај јавните комунални претпријатија
- Истражување на трендови и најдобри практики за развој на човечки капацитети за дигитална трансформација кај јавните комунални претпријатија
- Изготвување Документ за политики со наслов: *Човечки капацитети за дигитална трансформација на комуналните претпријатија: Реалност и предизвик!*

**4. Очекувани резултати / предмети на испорака:**

1. Изготвен Документ за политики
2. Презентација на Документот на политики

**5. Квалификации на консултантот:**

*Академски квалификации:*

- Најмалку Високо образование релевантно за областа за која конкурираат (општествени науки, правни науки, човечки ресурси)

*Професионално искуство:*

- Познавање на работата на ЈКП ќе се смета за предност
- Искуство со изработка на стратегиски документи или политики.

*Друго:*

- Високо ниво на интерперсонална комуникација, презентирање, фасилитирање и вештини за вмрежување.
- Флексибилност и способност за работа во кратки рокови

**6. Ангажман**

Консултантот ќе биде ангажиран максимум до 10 дена, во период до 25.02.2025година.

**7. Исплата**

Исплатата ќе биде извршена еднократно, по доставување на Резултатите и доставена табела со работни саати на консултантот